**20202573368**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста(*) („Службен весник на Република Македонија" бр.180/19), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ НА ПОСЕБНИ УСЛУГИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА УСЛУГИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавна набавка на услуги во областа на одбраната и безбедноста.

Член 2

Видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавна набавка на услуги во областа на одбраната и безбедноста се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-7398/1
19 октомври 2020 година
Скопје

Министер за финансии,
Dr. **Fatmir Besimi,** d.v.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Анекс II од ДИРЕКТИВАТА 2009/81/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 31 јули 2009 година за координирање на постапките за доделување на договори за одредени работи, договори за набавки и договори за услуги од договорните органи или лица во областа на одбраната и безбедноста и за изменување на Директивите 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ (CELEX бр.32009L0081).

ПРИЛОГ

| Опис | ЗПЈН шифра |
|---|---|
| Хотелски и ресторански услуги | Од 55100000-1 до 55524000-9 и од 98340000-8 до 98341100-6 |
| Помошни и дополнителни услуги на транспорт | Од 63000000-9 до 63734000-3 (освен 63711200-8, 63712700-0, 63712710-3), од 63727000-1 ди 63727200-3 и 98361000-1 |
| Правни услуги | Од 79100000-5 до 79140000-7 |
| Услуги за посредување при вработување и ангажирање на лица [1] | Од 79600000-0 до 79635000-4 (освен 79611000-0, 79632000-3, 79633000-0) и од 98500000-8 до 98514000-9 |
| Здравствени и социјални услуги | 79611000-0 и од 85000000-9 до 85323000-9 (освен 85321000-5, 85322000-2) |
| Други услуги | - |

[1] Освен договори за вработување.